СУБ-АРТ: CAMERA OBSCURA

# МАНИПУЛАТИВНА VS ВИСТИНСКА ФОТОГРАФИЈА (ПРИОД)

***Пристапот кон фотографијата како замена, но и како имитација на визуелните уметности, го има зачнато Англичанецот Питер Хенри Емерсон, кој во своите книги пишувал дека фотографите треба да одат директно во природата, во нејзината срцевина, за да ја пронајдат инспирацијата за сликата и за нејзината суштина. Тој велел дека фотографијата е уметност за себе, независна од сликарството.***

Распонот на применувањето на фотографијата е толку голем што го опфаќа секој сегмент од гранките на уметноста. Тој вид арт се раѓа во „темната комора“, а својот развој го започнува уште од средината на осумнаесеттиот век. Фотографите се обидувале, покрај записот (мигот), да внесат естетика во рамката на својот, тогаш сè уште примитивен, апарат. Скромната техника ги земала првите жртви, па почетоците биле неуспешни. Сепак, искрата останала да потпалува. Траекторијата на фотографијата низ историјата почнала да добива вертикална линија во почетокот на деветнаесеттиот век. Потоа доаѓа колорот и почнуваат да се разбиваат некои стереотипи и застарените, традиционални сфаќања. На повидок е професионалното занимавање со фотографија. Се издвојуваат три главни аспекти: фотографија како репортажа, во кој се слика надворешни-



от свет онаков каков што е навистина; фотографија како уметност, за интерпретирање експресии и чувства; и комерцијална фотографија. Но, се појавуваат и различни пристапи кои влијаат врз развитокот на уметничката фотографија, особено експонирани во денешницата.

### Манипулативен пристап

Фотографијата сè уште не е целосно ослободена од влијанието на сликарството. Во дваесетите години од минатиот век, во Европа револуционерниот поим на Дада движењето се пронајде себеси во уметничката фотографија. Ласло Наѓи и Ман Реј работеа со манипулативниот пристап. За нивните фотограми тие го разделуваа кадарот, правеа апстрактни слики, уредувајќи го објектот што ги инспирира. Тоа го работеа на лесно осетливи површини. Постојано експериментираа со соларни отпечатоци, всушност тоа е метод на повторно изложување на отпечатокот на светлина за време на процесот на развивање на фотографијата. На тој начин добиваа негативен ефект од насликаниот објект. Во тој контекст влијанието на сликарската техика во нејзината традиционална улога е надреалистичкото сликање и правење колажи врз фотографијата, создавајќи манипулативни техники.

### Реален пристап

Во исто време, следбениците на Штиглиц во Соединетите Држави се обидуваа да останат приврзани кон правата, вистинската, чесната фотографија. Па, во Калифорнија неколку професионални фотографи формираат дружина којашто ја нарекуваат Group f/64. Членовите на „Групата“ веруваат дека фотографите треба да ја употребуваат неразделноста и ретката способност на апаратот да произведе слика која ќе ги доловува далечните детали во фокус, за да бидат објектите блиски и јасни како да се пред нас. Значи, тие се залагаат да произведуваат отворени слики на природни објекти, луѓе суштества, пејзажи...

### Компаративен пристап

Компаративниот пристап кон претходните два подоцна резултира со нови пространства во уметничката фотографија. Во шеесетите од минатиот век



се појавува и третиот пристап кој ретроспективно ја обработува манипулативната фотографија. Овој приод се стреми кон обезличување на објектот, кон апстракција, но сето тоа да се создаде со кристално јасни слики, а не со опскурност. Уметниците ги користат минималистичките ефекти и новата електронска техника за да дојдат до посакуваните резултати. Во меѓувреме, фотографите дополнително ги ретушираат и досликуваат.

Целото движење, кое се случува глобално парцијално, доведува до популаризација на уметничката фотографија, која егзистира и во класичната „нормална“ уметност, но и во маргинализираните поп и оп артот.

Денес секој може да си игра со објективот и со насликаните објекти, бидејќи технологијата достигнува врвно ниво. Секому му се отвораат можности како никогаш досега. Со фотоапаратот може да ги долови и оние замислени нешта кои му се врткаат по лавиринтите на умот. Затоа фотографијата е непоколебливо докажан арт-медиум.

ГЕТО РУДИ



1334